# ИНОВАЦИИ ВО ИСТОРИЈАТА - ПРОЦЕС СО ТРАЈНИ И ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ

**Оливер Цацков**
*Универзитет "Гоце Делчев"-Штип*

Иновациите како неминовен феномен имаат огромна сила и влијание во сферата на образованието. Тие создаваат нов систем на вредности кој доведуват до промени во недоследностите во наставата и прифаќаат нови позитивни вредности. Во самиот наслов е даден посебен акцент на иновациите кој отвараат нови развојни творештва како на професорот така и на студентот а со тоа го освежуват моделират и стимулираат наставниот процес.  Во наставата по историја постојано се освежува збогатува и унапредува со многубројни иновации. Во трудот се обработени оние иновации кој настојуват да ја конкретизираат наставната содржина , да ја прилагодат кон интересите и можностите на студентите и да ја осовременат со нови методски знаења. Се очекува иновациите во наставата по историја да бидат траен процес и важен фактор во понатамошните научни истражувања.

Во поново време се почесто се истакнува потребата од модернизирање и иновирање на образовната работа. Иновативните зафати им даваат основен белег на современите движења во образованието. Со тоа се дава можност за усовршување и збогатување или ограничување и напуштање на традиционалните концепти во обрзованието. Значајно е да се констатира дека никогаш во минатото не постојал таков однос кон иновациите во обраозванието како што постои денес. Поради значењето на иновационите процеси во воспитно образовната работа потребно е да с епостави прашањето дали иновативните иницијативи и дејности во образованието држат чекор со изменетите потреби и со соодветните процеси во другите области на опшеството во целина. Дали овие дејности се добро планирани ,координирани и системско вреднувани за да се обезбеди поголема сигурнност и ефикасност. Успешноста и темпото на одделни иновативни потфати се условени  и од тоа колку се совладуваат тешкотиите што се јавуват на патот од истражувањето ,развивањето и практичната примена. Сето оваа ќе ги иницира факултетите да ги збогатат своите програмски содржини со пробламатика од иновациите. Да се создава иновативна атмосфера позитивни ставови, расположба и

воодушевување, како и стремеж и способност за теоретска и практична примена на иновациите од страна на студентите. Истражувачката активност презентира мошне интересн- и и корисни сознанија за тоа како наставата да се изградува врз законитостите на мислењето. Понатаму во какви форми да се изразува креативноста кај студентите,како да се организираат нивните самостојни осознавачки дејности. Иновациите како неминовен феномен имаат огромна сила и влијание во сферата на образованието и воспитанието. Тие создават нов систем на вредности, кој доведуват до радикални промени во недоследностите во наставата по историја и прифаќат нови позитивни вредности во неа. Во научната публицистика под поимот иновација ( inovatio) значи обнова промена, новина. Се работи за некое оргинално решение , осознавање, остварување и творење. Иновациите ги поттикнуват и обврзуваат решавањата и на други важни прашања од наставата по историја. Тие стимулираат креативност и творештво на професорот и студентот и го освежуват наставниот процес. Во прилог на овие сознанија најдобра илустрација се зборовите на Милан Матовиќ во кој пишува: „Иновациите во наставата се стари колку и самата настава. Тие секогаш и претходеле на развојот на наставата ,појавувајќи се во нејзините кризни периоди. Секогаш водела кон успех донесувајќи оргинални и смели решенија во организацијата и изведувањето на наставата.Внесувајќи новини кој најмногу одговараат на духот на времето ,степенот на развојот на науката, потребите на општеството. ( Матович 1998)·

Хераклит познатиот философ и дијалектичар од Ефес, тврдел дека единствено промената е постојана,а се што е ново, а нуди квалитет останува трајно. Во овој контекст со право психологот Торес забележал дека иднината на нашата цивилизација зависи од креативноста ,имагинацијата на идните генерации или уште посликовито Фром ке потенцира – човекот е толку голем колку што е активен. Додека пак политичарот Черчил рекол трајни се само оние работи кој добро се прилагодуват кон промените.При внесувањето на промените треба да се смета на подолг период на изнаоѓање на нови модули на реализирањето на промените. Вклучувајќи ги сите методи ,наставни форми и средства кој ќе бидат потребни за успешно спроведување на новината. Предуслов за испешно спроведување на иновативните процеси, студентите треба да имат определени теоретски знаења и практични способности како и пратење и вреднување на иновативниот модел. Сепак најважен фактор за воведувањето на иновациите во наставата по историја е самиот професор ,неговата способност ,креативност и мотивираност за воведувањето на иновацијата. Една од „ непосредните задачи што треба

да придонесе за успешна изработка на стратегијата за воведување на иновациите преставува снимањето на состојбата .идентификацијата на иновацијата во практиката,и нивната објектива верификација. (Ангеловски 2000: 56)

Во наставата по историја постојат многу можности и потреба од примена од иновации. За тоа е потребна добра желба и решеност за да наставата добие нов импулс, современ тек кој барат содржините да бидат по поблиски до студентот. Од иновациите кој дале проверени и позитивни резултати во наставата по историја се : информационо-комуникациската технологија и тимската работа.

Тимската работа е современа и позитивна активност во наставата по историја. Таа секогаш работи врз основа на принципи, заедничка цел и изградено чувство на припадност и кооперативност. Има позитивни интерперсонални односи меѓу членовите на тимот бидејќи во спротивно не би можна заедничка тимска работа. Имплицира постојана поврзаност помеѓу своите членови за време на спроведувањето на активноста.Таа бара добра стручна подготвеност и големо ангажирање на професорот особено при подготовката на непосредната работа . Целите и задачите на тимската работа се состои во стекнување на знаење, вештини и неопходни компетенции ,активно учество ,потоа креирање можности за дијалог , дискусии решавање на конфликти и консензус на комуникација и интеграција. Наставата по историја ги оспособува студентите преку оваа форма на активност да спроведат информативни истражувања да создадат лична посветенсот, за прифаќање на одговорности како би било успешно истражувањето на меѓусебно задоволство. Во тимската настава учесниците развиваат комуникациска способност за зборување ,читање, пишување,и пронаоѓање на литература. Се развива способност за промислено и одговорно учество во политичкиот, економскиот, социјалниот и културниот живот. Изнесните сознанија потврдуваат деа студентите треба постојано да се наоѓаат во улога и функција на непосредни истражувачи и проучувачи. Информациската „ инфраструктура овозможува слободна дислокација на научно-истражувачките тимови и постигнување иновативни ефекти во истражувањето. Покрај тоа,информацискта мрежа овозможува поврзување на истражувачките тимови во рамките на Универзитет. Така истражувањата за кусо време стануваат заеднички, компатативни.“ ( Петров 1999: 98)

Тимската работа овозможува на студентите честа комуникација меѓунив, добар меѓусебен однос, заедничка работа на поставените задачи со кој се овозможува често да го изразуват својот став, да одлучуват ,дискутираат и презентираат. Професорот често вп текот на својата работа се наоѓа во улога на водич со своето присуство тој ја олеснува

работата во тимот. Водачот треба да ги познава целите и задачите и потребните информации. Тој треба да развие интерес, навика и потреба за успешна комуникација. Добро да ја води работилницата да се чувствува релаксиран со темата со која раководи, да внимава на времето, на прашањата и одговорите, да внимава на времето на прашањата и одговорите. Да поставува прашања на кој треба да се размислува. Важната улога на професорот се разгледува од аспект на носител на промените кој водат кон разбирање и толеранција. Со стручната компетенстност особен акцент треба да се стави на интерперсоналната компетенција на оспособеноста за похуман пристап во наставата , остварување на пријателски однос со студентите. Поинтензивна интеракција, двонасочна комуникација во вид на дијалог ,респектирање на мислењето , воспоставување на доверба и одговорност како предуслови за соработка. Во тимската работа сите имаат исти задачи и сите се заинтересирани за успех на заедничката работа.

Промените кој се случуват во технологијата и информатиката во наставниот процес императивно ја иницираат потребата од примена на нова современа образовна технологија што ќе ги следи тие иновативни промени,процеси,потреби и барања. Тоа подразбира современ пристап на образовниот процес од аспект на програмите ,наставните средства и методи и примена во реализација на тие програми. Со применувањето на информационо-комуникационата технологија со студентите подразбира современ пристап на образовниот процес од аспект на наставните програми со цел да се зголеми ефикасноста во образовниот процес. Тоа значи дека информатичката технологија не е само наставна техника, туку со настојувања да се постигнат што подобри резултати во наставата по историја. Електронските „ средства и апарати ни овозможуваат да создадеме,чуваме,и собираме, обработуваме ,презентираме информации со брзина и во количини кој тешко може да се замислат.“ (Воспитни крастопати 2006:11) Овде влегуваат и промените усовршувањата и разграниченоста на учебнците и другата литература. Со научно техничкиот развој не само што се поставуват нови барања туку и нови средства и методи. Студентите преку информационо комуникациската технологија истражуваат, набљудуваат прават интервјуа , анкети срхивираат ,фотографираат и се во интеракција со нивната околина. Тие изработуваат проекти ,семинарски работи, решават проблеми создаваат дискутираат ,известуваат, и ги споделуват сознанијата. Секако се под менторство на професорот. Оваа новина овозможува дополнителни можности за активност и тој треба да ги користи во наставата по историја кој ќе станат многу успешни, разионални и со голем број информации. Информационата комуникација и технологија придонесува и за соработка со други

групи , способност за решавање на проблеми , донесување решенија .изнаоѓање на плодотворни алтернативи за општеството и животната средина.

За кратко временски период интернетот успеал да земе едно од најзначајните места во истражувањето и откривањето на различни информации во наставата по историја. Програмата на интернет има своја предност поради тоа што овозможува на студентите по историја да во секое време можат да учат да комуницираат со други студенти кој реализираат иста програма. За интернетот зборува и професорката Лилјана Тодорова која вели " училишните курсеви предавани -online преставува можност на заинтересираните да се занимаваат во избрано време да контактираат лесно со други предавачи и други обучувачи и на тој начин да ја збогатат својата компетентност и да ја зголемат научната едукација наспроти можноста да ги користат фондовите на светските библиотеки и други извори на информации." ( Тодорова 2001:23).

Професорот по историја ќе го контролира и вреднува процесот на учењето со помош на информационо-комуникациска технологија. Сите промени кој се во насока на унапредувањето и реализирањето во наставата по историја со иновациите се засновува на субјективниот фактор на предавачот. Ако се тргне од фактот дека реализатори на иновациите во образовниот систем се непосредните носители на таа дејност тогаш потребно е да развијат визија за потребата целта и високите очекувања кој ќе се постигнат како резултат од спроведените иновации. Наставата по историја преку иновирањето ги подготвуват младите за живот во демократско општество. Вербата во успех е значаен мотив во нашите настојувања да истраеме и како да успееме.

*Innovations in the history teaching - process with positive and permanent values*

Innovations in the history teaching - process with positive and permanent values Innovations as an inevitable phenomenon are very important and have great influence on the field of education. They are building a system of values that can lead to significant changes in the work with students. The title of the article focuses on innovations that give new impetus of creativity to professors and studentsas well and this stimulates the process of teaching. The article explores those innovations that seek to concretize the teaching process and content and adapt them to the interests of the students. Introduction of innovations in the history teaching is expected to be an ongoing process and an important factor in further scientific research.

ЛИТЕРАТУРА


1. Тодорова.Л (2001) Придобиване на образование online-по интернет .Благоевград: Универзитет „Неофит Рилски“.
2. Воспитни крстопати ( 2006) . Скопје.Бр, XI
3. Ангеловски.(2000) Стратегија за воведување иновации во образованието.Скопје: ПФ „Св.Климент Охридски“.
4. Петров, Н. (1999) Трансформационо-иновационите процеси на воспитанието и образованието во РМ за влез во новиот милениум.Скопје:Биангл
5. Kar,Sta je istorija (2001) Beograd : Delfi